**20160300817**

**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

## УКАЗ ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ТРГОВСКИТЕ ДРУШТВА

Се прогласува Законот за изменување на Законот за трговските друштва,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 12 февруари 2016 година.

Бр. 08-1036/1
12 февруари 2016 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
д-р **Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

## ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ТРГОВСКИТЕ ДРУШТВА

Член 1

Во Законот за трговските друштва („Службен весник на Република Македонија" број 28/2004, 84/2005, 25/2007, 87/2008, 42/10, 48/10, 24/11, 166/12, 70/13, 119/13, 120/13, 187/13, 38/14, 41/14, 138/14, 88/15, 192/15 и 6/16), во членот 231-а точка 5) по зборот „положен" запирката се заменува со сврзникот „или", а зборовите: „„или АПТИС (APTIS)најмалку ниво Б2 (B2)" се бришат.

Член 2

Во членот 367-а став (1) точка 5) по зборот „положен", запирката се заменува со сврзникот „или", а зборовите: „„или АПТИС (APTIS) - најмалку ниво А2 (А2)" се бришат.

Во ставот (2) точка 5) по зборот „положен" се додава сврзникот „или", а зборовите: „„или АПТИС ( APTIS) - најмалку ниво Б2 (B2)" се бришат.

Член 3

Во членот 374-а став (1) во точка 5) по зборот „положен", запирката се заменува со сврзникот „или", а запирката и зборовите: „„или АПТИС (APTIS) - најмалку ниво А 2 (А 2)" се бришат.

Во ставот (2) точка 5) по зборот „положен", запирката се заменува со сврзникот „или", а зборовите: „„или АПТИС (APTIS) - најмалку ниво Б2 (B2)" се бришат.

Член 4

Во членот 378-а точка 5) по зборот „положен", запирката се заменува со сврзникот „или", а зборовите: „„или АПТИС (APTIS) - најмалку ниво А2 (А2)" се бришат.

Член 5

Во членот 379-а точка 5) по зборот „положен" запирката се заменува со сврзникот „или", а зборовите: „„или АПТИС (APTIS) - најмалку ниво Б2 (B2)" се бришат.

Член 6

Се овластува Законодавно-правната Комисија на Собранието на Република Македонија да утврди пречистен текст на Законот за трговските друштва.

Член 7

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".